## Судски такси

Пред редовните судови во Република Македонија се плаќаат судски такси (во натамошниот текст: такси) според одредбите од овој закон и таксената тарифа, која е составен дел на овој закон (во понатамошниот текст: закон).

Такси се плаќаат во:

1. процесна постапка;
2. вонпроцесна постапка;
3. извршната постапка;
4. постапка за издавање на тапии за ставање на интабулација;
5. кривичната постапка по приватна тужба;
6. постапка по управните и управно-сметководствените спорови;
7. постапка за упис во судскиот регистар;
8. стечајна постапка;
9. постапка по барање за преиспитување на решение за прекршок; и
10. други случаи предвидени во таксената тарифа.

Таксите пропишани со овој закон е должно да ги плати лицето по чиј предлог се поведува постапката или во чиј интерес се превземаат дејства во постапката (во понатамошниот текст: таксен обврзник).

За поднесоците или за записниците што ги заменуваат нив, таксата е должно да ја плати лицето кое ги поднесува, односно лицето по чие барање се составува записникот.

За одлуката на судот од прв степен таксата е должен да ја плати тужителот, односно предлагачот, а за судско порамнување - двете странки, доколку не се спогодиле поинаку.

Кога според овој закон две или повеќе лица се должни да ја платат таксата, заедно, обврската е солидарна, а во оставинската постапка се должни таксата да ја платат сразмерно со наследениот имот.

Таксата се плаќа кога ќе настане таксената обврска за:

Ако со овој закон не е одредено поинаку таксената обврска за:

1. поднесоците - кога се предаваат, а за поднесоците предадени на записник - кога записникот е завршен;
2. судските одлуки - кога се објавуваат, а ако странката не е присутна при објавувањето или ако одлуката не е објавена - кога на странката или на нејзиниот записник ќе му се врачи препис на одлуката;
3. судските порамнувања - кога ќе се склучат;
4. паушалната такса во постапката за расправање на оставнина- кога решението за наследување ќе стане правосилно;

5. паушална такса во случајна постапка кога одлуката за главната делба ќе стане правосилна, а во постапката за присилно порамнување - кога решението со кое се одобрува склученото порамнување ќе стане правосилно;
6. судските преписи - кога ќе се побараат; и
7. другите дејствија - кога ќе се побара нивното превземање, односно кога судот ќе почне да постапува.

Во управните спорови од областа на социјалното осигурување, старателството, посвојувањето и социјалната помош таксата се плаќа само ако странката не успеала во спорот.

Во спорови од станбени односи, работни односи и односи во врска со работата, како и во спорови за статусни промени на претпријатијата и други правни лица (поделба, спојување, припојување и организирање) се плаќаат судски такси согласно со одредбите од овој закон.

Таксите се плаќаат во судски таксени марки од единствената емисија или во готово.

Таксените марки се лепат на поднесокот, односно на судскиот спис и се поништуваат според посебните прописи за поништување на таксените марки.

Таксата се плаќа во готово ако таксениот обврзник е должен да плати такса во износ поголем од 2000 денари. Пред стопанските судови таксата се плаќа вирмански.

Кога таксата треба да се плати во готово, таксениот обврзник ја уплатува таксата во корист на сметката на приходите од судски такси во Републичкиот буџет. Потврдата за платената такса се приложува кон поднесокот, односно судскиот спис за кој е платена таксата, а кога се поднесува потврда за платена такса за судска одлука, подносителот е должен посебно да назначи за која одлука се плаќа таксата. Судот на список за кој е платена таксата ќе го потврди износот за платената такса.
Недоволно платената или неплатената такса не го задржува текот на судската постапка, ако со овој закон не е определено поинаку.

По барање на странката судот е должен да ги прими непосредно од странката и поднесоците што не се таксирани или недоволно се таксирани.

Правото на наплата на такса застарува за две години по истекот на годината во која требало да се плати таксата.

Застареноста на наплата на такса се прекинува со секое дејствие на надлежниот орган, превземено заради наплата, односно присилна наплата на такса. Застареноста настапува во секој случај кога ќе поминат четири години од моментот кога настанала обврската за плаќање такса.

Судските такси се приход на републичкиот буџет.

Дел од средствата од став 1 на овој член во висина од 50% се користат како наменски средства за изградба, доградба, адаптација и поголеми поправки на згради на правосудсните органи, казнено - поправните и воспитно-поправните установи и за опремување на овие органи и установи.

Во поглед на емитувањето, дистрибуцијата, употребата, повлекувањето од употреба и замената на судските таксени вредносници од единствената емисија, како и во поглед на малопродажбата и провизијата од овие вредносници, согласно се применуваат прописите за административни такси.

Од плаќање такси ослободени се Република Македонија, општината, државните органи, месните заедници, организацијата на црвениот крст и другите хуманитарни организации и странска држава и странски државјани, ако е тоа предвидено со меѓународен договор или под услови на реципроцитет.

Старателот на отсутно лице чие престојувалиште е непознато, старателот на имот чиј сопственик е непознат, како и привремениот застапник на странката поставен од судот во постпка што се води пред суд, не се должни да плаќаат такса за лицето кое го застапуваат.

Таксите од став 1 на овој член се наплатуваат од имотот на лицето кое е застапувано.

Судот ќе ја ослободи од плаќање такса странката ако со плаќањето такса значително би биле намалени средствата од кои се издржува странката и членовите на нејзиното семејство.

Одлуката за ослободување од плаќање такса ја донесува првостепениот суд на предлог на странката, а врз основа на уверението дадено од органот надлежен за работа на приходите. Во уверението мора да бидат содржани податоци за приходите што ги има странката и членовите на нејзиното семејство и воопшто за имотната состојба на странката на која и е издадено уверението.

Судот ќе го земе како доказ уверението од став 2 на овој член само ако од издавањето на уверението до поднесувањето на предлогот за ослободување не поминале повеќе од шест месеци.

Поблиски прописи за издавање на уверенија за имотна состојба донесува органот на управата надлежен за работите на финансии.

Решението за ослободување од плаќање такса се однесува на сите неплатени такси по соодветниот предмет.

Решението за ослободување од такса може да го укине судот ако утврди дека странката е во состојба да ја плати таксата. Притоа судот ќе одлучи дали странката во потполност или делумно ќе ја плати таксата од која порано била ослободена.

Ослободувањето од плаќање такса се однесува само на лицето на кое му е признато ослободувањето.

Ако се појави основано сомнение дека таксената основица што ја назначила странката е многу ниска, судот по службена должност ќе ја утврди правата таксена основица, по претходно извршени потребни проверувања. Судот на иста начин ќе постапи ако спротивната странка приговори дека назначената таксена основица е неправилна.
Против одлуката на судот од став 1 на овој член може да се изјави посебна жалба само ако странката не може да се жали против одлуката за главната работа.

Првобитната вредност на барањето, односно на предметот на спорот останува како таксена основица без оглед на тоа што таа вредност се променила во текот на постапката, ако со закон не е поинаку определено.

Ако судот утврди нова вредност, во смисла на член 28 од овој закон, како таксена основица се зема утврдената нова вредност од моментот кога одлуката на судот ќе им се соопшти на странките.

Кога вредноста ќе се промени поради преправање на барањето или делумно решавање на барањето, како таксена основица се зема изменетата вредност за сите поднесоци и дејствија, што ќе бидат вложени, односно превземени по таквата промена. Ако вредноста се променила поради изјава на странката во поднесокот, како таксена основица за тој поднесок се зема изменетата вредност.

Ако со правниот лек се побива одлуката само во еден дел, како таксена основица за правниот лек се зема вредноста само на побиваниот дел.

Ако правниот лек го вложуваат двете странки, таксата за правниот лек се определува посебно за секоја странка, според вредноста на оној дел од одлуката што се побива со правниот лек.

За правниот лек што се вложува само против одлуката за трошоците на постапката или за споредните барања, како таксена основица се зема износот на трошоците на постапката, односно на споредните барања.

Ако странката присуствува на судско дејство за кое е должна да плати такса, а не ја плати таксата веднаш, судот ќе и укаже дека е должна да ја плати таксата во рок од 15 дена. Судот вака ќе постапи и кога странката непосредно му предава на судот поднесок што не е таксиран или е недоволно таксиран.
Ако таксениот обврзник не ја плати таксата во рокот определен со член 30, односно 31 од овој закон, судот во натамошниот рок од 15 дена ќе побара од органот

надлежен за работите на приходите на чие подрачје таксениот обврзник има живеалиште (седиште) таксата да се наплати по присилен пат, а на списот ќе забележи дека од наведениот орган е побарана присилна наплата.

Право на враќање такса има лице кое платило такса која воопшто не било должно да ја плати или платило такса во износ поголем од пропишаниот, како и лице кое платило такса за судско дејство што не е извршено.

Право на враќање такса има и странка во управен спор, ако управниот акт биде поништен.

Лицето кое платило такса за судско дејство што не е извршено, не може да бара враќање на таксата за поднесокот со кој барало извршување на дејството.
Барањето за враќање на таксата му се поднесува на судот што решава во прв степен и тоа во рок од 90 дена од денот кога таксата е погрешно платена, односно од денот на дознавањето дека дејството не е извршено.

Во случаите од став 2 на член 35 рокот тече од денот на доставување на одлуката.
Враќање не може да се бара по истекот на една година од денот кога таксата била платена.

**ТАКСЕНА ТАРИФА**

**ПРОЦЕСНА И ИЗВРШНА ПОСТАПКА**

**1. Поднесоци**

**Тарифен број 1**

1. За тужба, противтужба и за предлог за повторување на постапка се плаќа според вредноста на спорот следнава такса:

| **Вредност на спорот во денари** | | |
|---|---|---|
| **Преку** | **До** | **Такса во денари** |
| | 10.000 | **600** |
| 10.000 | 20.000 | **1.000** |
| 20.000 | 40.000 | **1.500** |
| 40.000 | 60.000 | **2.000** |
| 60.000 | 100.000 | **2.500** |
| преку 100.000 уште 2% на секој започнат денар над 100.000 денари,<br>а најмногу вкупно 60.000 денари. | | |

2. За тужба со предлог за издавање платен налог, за предлог за извршување, противизвршување, обезбедување и издавање времена мерка, за предлог за обезбедување по Законот за извршната постапка, за отказ на договор за закуп на деловна зграда или деловна просторија, за приговор против платен налог, за

приговор против решение за извршување, противизвршување или обезбедување, за одговор на жалба или ревизија, за предлог за повторување на постапка, се плаќа половина од таксата од точка 1 на овој тарифен број.

3. За жалба и ревизија против пресуда и за жалба против решение во спорови поради попречување на посед, се плаќа двојна такса од точка 1 на овој тарифен број.

4. За жалба против решение, се плаќа такса од точка 1 на овој тарифен број.

5. За предлог за изведување нови докази, кој предизвикал закажување на нова расправа, односно рочиште, се плаќа такса во висина од 30% од таксата од точка 1 на овој тарифен број, но не помалку од 300 денари, а најмногу 3.000 денари.

6. За предлог за враќање во поранешна состојба, за предлог за признавање на одлука на странски суд, за предлог за обезбедување докази, за предлог за обид за порамнување пред поведување на постапка и за предлог за одлагање на извршување, се плаќа такса во износ од 600 денари.

7. За жалба против решението донесено по предлог за враЌање во поранешна состојба, против решение за признавање на одлука на странски суд и против решение за отфрлање на тужба, се плаќа такса во износ од 1.000 денари.

**2. Одлуки**

***Тарифен број 2***

1. За првостепена пресуда, како и за решение во спорови поради смеќавање на владение, според вредноста на предметот на спорот, се плаќа такса од точка 1 на тарифниот број 1.

2. За пресуда поради изостанок, за пресуда врз основа на признание пресуда врз основа на одрекување,пресуда поради неподнесување одговор на тужба и пресуда без одржување на расправа, донесени на подготвително рочиште, односно на првото рочиште за главна расправа, ако подготвително рочиште не е одржано, се плаќа половина од таксата од точка 1 од овој тарифен број.

3. За решение за издавање платен налог се плаќа половина од таксата од точка 1 на тарифниот број 1.

4. За решение по предлог за дозвола за извршување, обезбедување или за времена мерка и за обезбедување по Законот за извршната постапка, се плаќа половина од таксата од точка 1 на тарифниот број 1, а ако ова решение се донесува врз основа на странски извршни исправи, се плаЌа полна такса од точка 1 на тарифниот број 1.

5. За решение по предлогот за враќање во поранешна состојба, за решение за отфрлање на тужба, за решение за обезбедување докази и за решение по предлогот за признавање на одлука на странски суд се плаќа такса во износ од 1.000 денари.

**3. Порамнување**

***Тарифен број 3***

1. За судско порамнување се плаќа, според вредноста за која странките се спогодиле, половина од таксата од точка 1 на тарифниот број 1.

2. Ако предметот на порамнувањето е непроценлив, се плаЌа такса во износ од 1.000 денари.

**ВОНПРОЦЕСНА ПОСТАПКА**

А. Општи одредби

***Тарифен број 4***

1. За предлог за поведување вонпроцесна постапка се плаќа такса во износ од 600 денари.

2. За одлука во вонпроцесни работи се плаќа такса во износ од 1.000 денари, а за порамнување 600 денари.

3. За жалба и ревизија во вонпроцесни работи се плаќа такса во износ од 1.000 денари.

**ОСТАВИНСКА ПОСТАПКА**

***Тарифен број 5***

За решение за наследување се плаќа такса според вредноста на чистата оставина, и тоа:

| **Вредност на оставината во денари** | | |
|---|---|---|
| **Преку** | **До** | **Такса во денари** |
| | 10.000 | **600** |
| 10.000 | 50.000 | **1.000** |
| 50.000 | 100.000 | **2.000** |
| 100.000 | | **2.500** |

| |
|---|
| преку 100.000 уште 1% на секој започнат денар преку 100.000 денари, а најмногу вкупно 12.000 денари. |

***Тарифен број 6***

1. За жалба против решение за нагледување, се плаќа такса во износ од 1.000 денари.

2. Составување и чување на тестамент

***Тарифен број 7***

1. За составување на судски тестамент, се плаќа такса во износ од 1.000 денари.

2. За чување тестамент во судот, за отповикување тестамент пред судот и за враќање на тестамент кој се чува во судот, се плаќа такса во износ од 600 денари.

3. Постапка за делба

***Тарифен број 8***

1. За предлог да се спроведе делба на заеднички предмет или имот се плаќа такса во износ од 1.000 денари.

2. За одлука на предлогот и за жалба против одлуката, се плаќа такса во износ од 1.200 денари.

4. Постапка за уредување на меѓи

***Тарифен број 9***

1. За предлог за уредување на меѓи, се плаќа такса во износ од 1.000 денари.

2. За одлука по предлогот и за жалба против одлуката, се плаќа такса во износ од 1.200 денари.

5. Заверка на потписи, ракописи, фотокопии,преписи и преводи

***Тарифен број 10***

1. За молба (писмена или усна), со која се бара здаверка на потпис (ракознак), ракопис, препис или превод, се плаќа такса во износ од 100 денари.

2. За заверка на секој потпис (ракознак) сс плаќа такса во износ од 200 денари.

3. За заверка на потпис на постојан судски преведувач на преводи наменети за употреба во странство, се плаќа такса во износ од 200 денари.

4. За заверка на ракопис или препис, за секоја страна се плаќа такса во износ од 300 денари.

5. За заверка на препис или исправа пишувана на странски јазик, за секоја страна се плаќа такса во износ од 400 денари.

6. За заверка на потпис на полномошно, се плаќа такса во износ од 200 денари.

6-а. За заверка на фотокопие на диплома, свидетелство или на друга исправа, за секоја страна се плаќа такса во износ од 100 денари.

7. За заверка на потпис на договор се плаќа:

Според вредноста на предметот на договорот се плаќа следната такса:

| **Вредност во денари** | | |
|---|---|---|
| **Преку** | **До** | **Такса во денари** |
| | 10.000 | 300 |
| 10.000 | 50.000 | 500 |
| 50.000 | 100.000 | 1.000 |
| преку 100.000 уште 0,5%, а најмногу 2.000 денари; | | |

2) ако вредноста на договорот е непроценлива, се плаќа такса во износ од 500 денари и

3) за заверка за продолжување на рокот за важење на договор се плаЌа 50% од таксата од точка 7 потточките 1 и 2 од овој тарнфен број.

## УПИС ВО ИНТАБУЛАЦИОНИ И ТАПИСКИ КНИГИ

1. Упис во интабулациони книги
***Тарифен број 11***

1. За поднесок со кој се бара ставање или бришење на интабулација, надинтабулација, прибелешка или забелешка, се плаќа такса во износ од 1.000 денари.

2. За упис на интабулација, надинтабулација или прибелешка, се плаќа такса 2% од вредноста на побарувањто што се обезбедува со уписот, а најмногу 12.000 денари.

3. За упис или бришење на забелешка, се плаќа такса во износ од 600 денари.

2. Упис во таписки книги
***Тарифен број 12***

1. За поднесок со кој се бара пренос на тапија се плаќа такса во износ од 600 денари.

***Тарифен број 13***

1. За упис на потврдена тапија во книгата на тапии, како и за упис на правото на сопственост по пат на пренос на тапија врз исти лица или врз нов сопственик се плаќа такса 2% од вредноста, а најмногу 12.000 денари.

2. За упис на потврдена тапија во книгата на тапии, како и за упис на правото на сопственост по пат на пренос на тапија врз ист или нов сопственик, ако основот за стекнување со правото врз кое треба да се изврши уписот е договор за подарок се плаЌа такса 1% од вредноста, а најмногу 6.000 денари.

3. За упис на стекнување со други стварни права (стварна службеност, плодоуживање или на нив слични права) се плаќа такса:

## КРИВИЧНА ПОСТАПКА ПО ПРИВАТНА ТУЖБА

1. Поднесоци

***Тарифен број 14***

1. За приватна тужба, противтужба и за барање за повторување на постапка, се плаќа такса во износ од 1.000 денари.

2. За предлог за враќање во поранешна состојба, се плаќа такса во износ до 500 денари.

3. За жалба против првостепена пресуда и за жалба против решение со кое е изречена судска опомена, се плаќа такса во износ од 1.000 денари.

2. Одлуки

***Тарифен број 15***

1. За првостепена пресуда и за решение со кое се изрекува судска опомена се плаќа такса во износ од 1.000 денари.

## ПОСТАПКА ПО УПРАВНИТЕ СПОРОВИ, УПРАВНО-СМЕТКОВОДНИТЕ СПОРОВИ И ЗА СУДСКА ЗАШТИТА

1. Поднесоци

***Тарифен број 16***

1. За тужба против управен акт, се плаќа такса во износ од 600 денари.

2. За барање на судска заштита против конечни поединечни акти и за барање за заштита поради незаконито дејство, се плаќа такса според точка 1 од овој тарифен број.

3. За тужба за повторување на постапка, се плаќа такса според точка 1 од овој тарифен број.

4. За тужба во управно-сметководни спорови, се плаќа такса во износ од 1.000 денари.

5. За жалба против пресуда донесена во управен спор се плаЌа такса во износ од 1.000 денари.

6. За жалба против пресуда донесена во управно-сметководен спор, се плаќа такса во износ од 2.000 денари.

2. Одлуки
***Тарифен број 17***

1. За пресуда во постапка во управен спор, се плаќа такса во износ од 1.000 денари.

2. За пресуда во постапка во управно-сметководен спор, се плаќа такса во износ од 2.000 денари.

3. За одлука по барање за судска заштита против конечни поединечни акти и по барање за заштита поради незаконито дејствие, се плаЌа такса според точка 1 од овој тарифен број.

4. За одлука по барањето за повторување на постапката се пла}а такса во износ од 600 денари.

**БАРАЊЕ ЗА ПРЕИСПИТУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА ПРЕКРШОК**
***Тарифен број 18***

1. За барање за преиспитување на решението за прекршок, се плаќа такса во износ од 600 денари.

2. За одлука на судот со која барањето за преиспитување на решението за прекршок е отфрлено, се плаќа такса во износ од 600 денари.

3. За одлука на судот со која барањето за преиспитување на решението за прекршок е одбиено, се плаќа такса во износ од 1.000 денари.

**УПИС ВО СУДСКИ РЕГИСТАР**

1. Пријави

***Тарифен број 19***

1. За пријава за упис во судскиот регистар се плаќа такса во износ од 1.200 денари.

2.Упис во судски регистар

***Тарифен број 20***

1. За решение за упис на основање на субјектот на уписот сс плаќа такса во износ од 2.000 денари.

2. За решение за упис на здружување, организирање, промена на организираноста или статусните измени на субјектот на уписот, се плаќа такса во износ од 1.000 денари.

3. За решение за упис на други податоци за субјектот на уписот или за упис на промена на запишаните податоци, се плаќа такса во износ од 500 денари за секој регистарски лист.

4. За решение за упис на престанок на субјектот на уписот, се плаќа такса во износ од 1.000 денари.

3.Упис и евидентирање на делови на субјекти на уписот

***Тарифен број 21***

1. За пријава за упис или евидентирање на делот на субјектот на уписот, се плаќа половина такса од тарифниот број 19.

2.За решение за упис на делот на субјектот се плаќа половина такса од тарифниот број 20 точка 2.

3. За упис на промена на запишаните податоци за делот на субјектот, се плаќа половина такса од тарифниот број 20 точка 3.

4. За евидентирање на делот на субјектот на уписот и за бришење на делот на субјектот на уписот, се плаќа такса во износ од 1.000 денари.

5. За упис на промена кај евидентираниот дел на субјектот на уписот, се плаќа такса во износ од 5.000 денари.

4. Објавување

***Тарифен број 22***
1. За доставување на запишаните податоци заради објавување во “Службен весник на Република Македонија”, се пла}а такса во износ од 500 денари.

**СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА**

**1. Поднесоци**
***Тарифен број 23***

1. За предлог за отворање на стечајна постапка, се плаќа такса во износ од 600 денари.

2. За предлог за присилно порамнување, се плаќа такса во износ од 600 денари.

3. За пријава на доверител за секое одделно побарување, се плаќа такса во износ од 600 денари.

4. За жалба против одлука на стечајниот совет, се плаќа такса во износ од 1.000 денари.

**2. Паушална такса**

***Тарифен број 24***

Паушална такса се плаќа:

1) во стечајна постапка, од вкупните износи што се употребени или што стојат на располагање за намирување на долговите на стечајната маса, во износ од 2%, а најмногу 12.000 денари и

2) во постапката за присилно порамнување, во вкупните износи за кои е постигнато порамнување, во износ од 1%, а најмногу 6.000 денари.

**ПОСЕБНИ СЛУЧАИ**

**1. Судски уверенија**

***Тарифен број 25***

1. За поднесок со кој се бара издавање на уверение, се плаќа такса во износ од 100 денари.

2. За уверение се плаќа такса во износ од 300 денари, а за вториот и секој натамошен примерок се плаќа такса во износ од 100 денари за секој примерок.

**2.Полномошно**

***Тарифен број 26***

1. За издавање усно полномошно на записник пред суд, се плаќа такса во износ од 100 денари.

2. За усно отповикување или отказ на полномошно на записник пред суд, се плаќа такса во износ од 100 денари.

3. За судско известување за отповикување или отказ на полномошно, се плаќа такса во износ од 200 денари.

**3. Разгледување на списи**

***Тарифен број 27***

1. За разгледување на архивирани судски списи, се пла}а такса во износ од 300 денари.

**4. Преписи**

***Тарифен број 28***

1. За препишување на судски акти, како и за препишување на акти од збирка на исправи, што ги извршил судот по бирање на странката, се плаќа такса во износ од 100 денари за секоја страна од оригиналот. За секој натамошен примерок на препис и за препис на судски записник, што бил изготвен истовремено со оригиналот, се плаќа такса во износ од 50 денари за секоја страна.

2. За препишување на странски јазик, се плаќа двојна такса од точка 1 на овој тарифен број.

3. За молба за издавање препис и за заверка на преписот се плаќа такса според тарифниот број 10.

4. Препис не се издава ако таксата не е платена.

5. Изводи од јавни книги

***Тарифен број 29***

1. За извод од судскиот регистар, се плаќа такса во износ од 100 денари за секоја страна.

2. За изводи од таписките и интабулационите книги, што ги водат судовите, се плаќа такса во износ од 100 денари за секоја страна.

3. За секој натамошен примерок на изводот, како и за изводот што го составила странката и му го поднела на потврда на судот, се пла}а половина од таксата од овој тарифен број.

4. Извод не се издава ако таксата не е платена.

**6. Судски депозит**

***Тарифен број 30***

1. За депозит (чување) на пари, предмети и хартии од вредност, се плаќа такса годишно во износ од 1% од вредноста.

**7. Протести**

***Тарифен број 31***

1. За протест на меница, чек и други исправи или договори поради неакцептирање, неисплата или неисполнување, како и за замена на протести, според прописите за меницата и чекот, се плаќа такса според вредноста и тоа:

| **Вредност во денари** | | |
|---|---|---|
| **Преку** | **До** | **Такса во денари** |
| | 10.000 | 600 |
| 10.000 | 30.000 | 800 |
| 30.000 | 60.000 | 1.000 |
| 60.000 | 100.000 | 1.500 |
| 100.000 | | 2.000 |

2. За молба за протест се пла}а такса според точка 1 од тарифниот број 10.

**8. Правна помош**

***Тарифен број 32***

1. За поднесок кој се дава усно на записник пред судот, се плаќа такса според тарифниот број за односниот поднесок.

2. За составување на договор пред судот се плаќа такса:
а) според вредноста на предметот на договорот, и тоа:

| **Вредност на договор** | | |
|---|---|---|
| **Преку** | **До** | **Такса во денари** |
| | 10.000 | 600 |
| 10.000 | 30.000 | 1.000 |

| | | |
|---|---|---|
| 30.000 | 60.000 | 1.500 |
| 60.000 | 100.000 | 2.000 |
| 100.000 | | 3.000 |

б) ако вредноста на предметот на договорот е непроценлива, се пла}а такса во износ од 1.000 денари.

**9. Други предмети**

***Тарифен број 33***

1. За предлог на странката судот да определи судија или претседател на избран суд, се плаќа такса во износ од 600 денари.

2. За предлог за изземање на судија на избран суд, се плаќа такса во износ од 1.000 денари.

3. За ставање потврда на правосилност или извршност на пресуда на избран суд, се плаќа такса во износ од 600 денари.

***Тарифен број 34***

1. За опомена со која некој се повикува да плати такса што бил должен да ја плати и без опомена, се плаќа такса во износ од 200 денари”.